Slow Food®
Macedonia

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА 2020



www.slowfood.mk

Издавач:
Slow Food Macedonia © 2021

Подготвиле:
Николче Николовски
Василка Стефановска
Емилија Неделковска
Елена Каровска Гошевска

Фотографија:
Архива на Slow Food Macedonia и
Slow Food International

Порака од раководството

Изминатата 2020 година ќе ја паметиме како година на предизвици за мрежата на Слоу Фуд во Македонија, но и за светот. Живееме во неизвесно време на пандемија, климатски промени и социјални турбуленции, но во овие моменти на криза, заедниците се откриваат како единствена алатка која може да ја регенерира политичката и социјалната структура. Способноста да се справиме со најголемите предизвици потекнува од тоа вонредно чувство на егзистенцијална и емоционална безбедност, таа реципрочна солидарност која ви овозможува да коегзистираме, да реагираме и да ја применуваме на поинаков начин. Заедниците ги водат луѓето да бидат активни субјекти дури и без да имаат официјални политички или институционални улоги. Секоја личност која припаѓа во заедницата знае дека тие се одговорни за општото добро и затоа за секоја друга компонента на иста група на луѓе. Во овие момент заедницата повторно станува еден од главните елементи на колективното и политичкото делување. Ако ја погледнеме работата што нашата мрежа ја работи во последните 10 години, не само што можеме веднаш да ја видиме огромната сила на заедниците, туку и нивната тесна поврзаност со биодиверзитетот и неговата заштита. Поддржувајќи ги проектите како Арка на вкусови и Президиуми, заедниците ги бранат своите локални области и традициите и културата на местата каде живеат со љубов и страст. Ова е наше најголемо богатство. Поради оваа причина, мора да продолжи да биде главната движечка сила на нашето движење. Ние мора да бидеме посветени на создавање на нов модел на социоекономски развој со хармонија меѓу луѓето и природата во неговото срце. Да се осигури проактивната улога во 2020 година Слоу Фуд Македонија ја реафирмираше својата мисија за одбрана на биодиверзитетот и малите производители преку декларацијата „Нашата храна, наша иднина“, донесена на првиот конгрес во Скопје, со тоа се дава поголема вредност на суштината на нашата мисија.

Николче Николовски
Претседател на Национален одбор



1. Вовед

Слоу Фуд, како глобална организација е основана, основана во 1989 година за борба против исчезнувањето на локални традиции на храна и ширење на брза храна култура. Во текот на последните три децении, Слоу Фуд еволуираше во глобално движење што вклучува милиони луѓе во над 160 земји, кои работат да се осигура дека секој може да има пристап до добра, чиста и правична храна. Во Македонија е отпочната во 2008 година, со основањето на првиот конвивиум, за денес да претставува националната организација која врши координација на локаната мрежата на Слоу Фуд во Македонија. Истовремено развива програми и иницијативи за развој и градање на капацитетите на истата. Истотака ги развива програмските сеглементи кои се имплементираат на национално и локално ниво од страна на конвивиумите и другите групи, со истовремено застапување и лобирање за различните проблеми и идеи пред националните и интернационалните чинители, преку организирање и реализација на различни настани, кампањи, вмрежувања и соработка со други организации и чинителни кои би можеле да помогнат во тој процес.

Националната организација е раководена од Национален одбор (НО) и Национален совет (НС) во кој се вклучени лидерите на сите конвивиуми.



2. Нашата визија

Визија:
Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.

Мисија:
Преку едукација кампањи и промоција, градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Опфат и цели:
Национална организација „Слоу Фуд Македонија“ делува, во согласност со принципите утврдени во Манифестот на Слоу Фуд и со Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“, за да му го овозможи на секого правото на задоволство од храна, без оглед на пол, раса, јазик, религија, политичко мислење, лична и општествена положба.

Ова неприкосновено право е поврзано со обврската за политичка, економска и социјална солидарност, кои овозможуваат заштита и зачувување на заедничките материјални и нематеријални добра, со што би се овозможило нивно правично споделување.

„Слоу Фуд Македонија“ ќе се бори за суверенитет во сите негови форми и ќе ја унапредува заштитата на биолошката и културна разновидност на храна со почитување на трудот, животната средина и поврзаноста на луѓето со тоа, преку:

- промоција на правото на добра, чиста и правична храна за сите, што подразбира: вкус, квалитет, еколошката одржливост на процесот на производство, дистрибуција и

потрошувачка, почитување на социјалната правда и достоинство на сите луѓе кои се вклучени во синџирот на исхрана;

- обрана на правото на суверенитет на храната;
- здобивање со право на достоинство прашањата поврзани со храната, пијалоците, исхраната и гастрономските науки во целина;
- промовирање на заштитата на природната и културна биолошката разновидност;
- идентификување на прехранбените производи и методи на производство поврзани со територијата, промовирање на нејзината улога како заедничко средство;
- работа на заштита на законитоста во производството, дистрибуцијата и потрошувачката на храна;
- придонес за создавање на култура на здравјето, како јавно добро, да се брани и заштитува, со пристап до храна и балансиран начин на живот, ориентирани кон квалитет, разновидност, умереност;
- едукација за храна и тренинг на сетилата за да бидат оспособени, со цел да се прави одговорен избор на храна, особено на помладата генерација;
- намалување на отпадот и фрлената храна;
- промоција на практиките кои ја почитуваат благосостојбата на животните;
- активности за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; борба против климатските промени, истакнување на врската помеѓу производството и потрошувачката на храна и ресурсите од животната средина.
- промовирање на практики за повисок квалитет на живот, изработени од почитувањето на сезоните, животната средина и здравјето на потрошувачите, поттикнување на користењето на овие производи кои претставуваат максимален израз на квалитет;
- за поддршка на целосно почитување на културниот идентитет, со цел да се разменат и дискусија, без каква било дискриминација;
- подобрување на моделите на локалната економија преку производство на храна;
- документирање и репродуцирање на локалната меморија, а особено традиционалното знаење поврзано со светот на храната;
- придонес во развивање на мрежите на Тера Мадре Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија и нивно понатамошно вмрежување на меѓународно ниво;
- придонесе за развој на меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
- спроведување на меѓународни проекти за соработка во насока на унапредување на правото на добра, чиста и правична храна;

Активности и задачи:

Остварувањето на целите од член 3, „Слоу Фуд Македонија“ ги реализира преку:

- координација и работа на истражувачки проекти, каталогизација и промоција за заштита на биолошката разновидност на храната, борбата против растечката

стандардизација на потрошувачката, промоција, организирање и учество во проекти за развој на еколошки форми на земјоделството;

- промовирање и поддршка на иницијативи со цел за зачувување и подобрување на историскиот и културниот идентитет на регионите, кои се поврзани со одредено специфично производство, особено преку воспоставување на Президиуми за заштита на биолошката разновидност;
- промоција на употребата на локални производи преку иницијативите кои се залагаат за скратување на синџирот на дистрибуција, директна врска меѓу производителот и копроизводителот, организирање на активности за гастрономски и вински туризам;
- развој на мрежа на односи, активности и иницијативи на локално и на меѓународно ниво меѓу заедниците на храна, која е формирана од страна на сите учесници во секторот за производство и преработка на храна;
- промоција, организација и координација на кампањи, комуникација и настани за подигнување на свеста, како и активности за застапување;
- промоција, организација и учество во едукативни активности, во училиштата и универзитетите, преку истражувачки проекти, координација и обука, во насока на целосна имплементација на правото на образование, здравствена едукација, сензорна едуакција и развој на правилна култура на храна.
- унапредување и организација на едукативни размени;
- организација на програми за едукација за храна помеѓу членовите, заедно со производителите и експертите со цел поширок познавања на историските корени и производните процеси од областа на курсот,
- стимулирање на иницијативи за подобрување на секојдневна исхрана
- работа со волонтери кои даваат придонес во заедницата и кои придонесуваат за постигнување на целите на организацијата,
- учествуво на национални и меѓународни настани и конференции, форуми, и саеми;
- обезбедување на фондови за поддршка, тинк-тенкови, издаваштво и промотивни иницијативи;
- вклучување во сите активности кои не се во спротивност со определбите на организацијата.



3. Организациска структура и органи

Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ е дел од мрежата на Слоу Фуд (Slow Food), меѓународна, не-профитна организација со 100.000 членови и поддржувачи во 160 земји во светот, кои делуваат во промоција на филозофијата за „добра, чиста и правична храна“.
Национална организација покрај развојот на капацитети и програми, силно ќе биде фокусирање на понатамошно јакнење на локалната мрежа на конвивиуми и треба да биде надградени во 2021 година со нови конвивиуми. Така што, изразена во бројки, Слоу Фуд Македонија би била:
Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ и ги почитува основните принципи на меѓународната организација, чии статути се усогласени, како и на националната организиација со локалните здруженија (членки на сојузот). Според статутот, органи на националната организација се: Национален одбор и Национален совет.

Националниот одбор (НО) е управен и извршен орган на организацијата, кој се состои од 5 члена и ги спроведува одлуките на Националниот конгрес, кој го врши неговиот избор. Претседателот на Националниот одбор е овластен Застапник пред закон.

- **Николче Николовски**, претседател на НО
- **Василка Стефановска**, член
- **Д-р Соња Србиновска,** член
- **Слободен Чокревски**, член
- **Микеле Румиц**, член

Националниот совет (НС) е орган на Слоу Фуд Македонија, кој го сочинуваат сите Претседатели на локалните здруженија на Слоу Фуд, Овој орган врши контрола на спроведувањето и почитувањето на Статутот на Слоу Фуд Македонија, правилниците и деловниците за работа и надзор на финансиското и материјалното работење на органите и телата на Слоу Фуд Македонија и на локалните здруженија.

- **Страшко Милошевски,** преседавач на НС, лидер на Слоу Фуд Осогово
- **Игор Поповски,** член, лидер на Слоу Фуд Битола
- **Оливера Стефановска**, член, лидер на Слоу Фуд Богданци
- **Нако Кимов,** член, лидер на Слоу Фуд Валандово
- **Антигона Костадинова,** член, лидер на Слоу Фуд Гевгелија
- **Илинка Веселоновиќ,** член, лидер на Слоу Фуд Дојран
- **Маја Шкартова,** член, лидер на Слоу Фуд Тиквеш
- **Тодорка Наумоска Димески,** член, лидер на Слоу Фуд Прилеп
- **Билјана Митревска,** член, лидер на лидер на Слоу Фуд Млади Македонија

Организацијата поседува и **Извршна канцеларија,** со седиште во Битола, која која дава поддршка со тимот на вработените (моментално 3 лица), но истотака ги гради капацитетите со своите соработници од целата мрежа, кои ги реализираат програмските, комуникациските и административните активности, преку кои организацијата ги спроведува своите цели и институционални обврски.

Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ развива партнерски односи со повеќе институции и организации и е дел од неколку регионални и межународни мрежи



3. Организацијата низ бројки во 2020 година

Национална организација покрај воспоставувањето и развојот на своите капацитети и програмите, како една од главните задачи ќе и биде фокусирање на понатамошно јакнење на локалната мрежа на конвивиуми и треба да биде надградени во следните години со нови конвивиуми. Во 2020 година, мрежата претставена во бројки беше:

100.000 поддржувачи и следбеници
600 производители
300 членови и активисти
20 програми и иницијативи
10 конвивиуми
5 президиум
1 младинска мрежа

4. Слоу Фуд Македонија во акција

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Во рамки на проектот „Храна промени“ кој го реализираше Слоу Фуд Водно во партнерство со Слоу Фуд Македонија, се реализираа 6 презентации во рамки на мрежата на Слоу Фуд Македонија во период од 26.10 до 31.10.2020, во вид на онлајн состаноци преку алатката “Zoom”, и тоа во Свети Николе, Битола, Прилеп, Кавадарци, Скопје и во рамките на Слоу Фуд Млади Македонија. Презентациите ставија акцент на водичот за мобилизација кој има за цел да го олесни вмрежувањето на конвивиумите и да овозможи полесна изработка на заедничките активности на конвивиумите, како и нивно спроведување.



Овој проект овозможи реализација на повеќе вебинари кои беа замена за низа активности планирани да се реализираат. Но пандемијата која на глобално ниво зададе многу удари не ни овозможи да го спроведеме проектот онака како се замислуваше. Мораме да признаеме дека од друга страна пандемијата не научи како да работиме на далечина, како да воспоставуваме врски и контакти преку електронските алатки. Но најважно од се пандемијата не разбуди од лелејавите сонви за брз ефикасен живот исполнет со се но не и со љубов кон природата. Се поттикна свеста кај луѓето дека ние самите сме виновни за уништувањето на биодиверзитетот и од тука желбата за

учење и потребата за заштита на биодиверзитетот. Токму проектот Храна за промени ја имаше и оваа целоваа цел. Се одржаа повеќе работилници(вебинари) ,а за некои временските услови овозможија и реализација со физичко присуство на отворен простор со почитување на протоколите.

Онлајн кампања во рамките на проектот „Храна за промени како одговор на климатските промени.Изработени и споделени неколку едукативни статии на темата за борба против климатските промени, кои се тесно поврзани со водичите или актуелностите на темата Климатски Промени и Храна.



Вебинар “Зградинарство и мешункулинарство”

На ден 22.04.2020 беше спроведен онлајн вебинар насловен “Зградинарство и мешункулинарство” по повод “Денот на Планетата Земја”. Вебинарот беше спроведен од страна на “Слоу Фуд Водно” и “Зелената Арка”, а поддржан преку програмата за регрантирање на Еко-свест, ДЕМ и ЦНВП, во рамки на проектот “Да зборуваме за климатските промени“, финансиран од Европската комисија.

Интерактивна работилница“Светски ден на Диско Супата 2020”

На ден 25.04.2020 година беше спроведена онлајн работилница под наслов “Светски ден на Диско Супата 2020”. Работилницата беше координирана од страна на “Слоу Фуд Водно” во партнерство со “Слоу Фуд Млади Македонија” и “Слоу Фуд Македонија”, а поддржана преку програмата за регрантирање на Еко-свест, ДЕМ и ЦНВП, во рамки на проектот “Да зборуваме за климатските промени“, финансиран од Европската комисија.



Вебинар “Зачувај го Биодиверзитетот, промени ја иднината на храната!”

На ден 15.05.2020 беше одржан онлајн вебинар под наслов “Зачувај го Биодиверзитетот, промени ја иднината на храната!”, на кој се дискутираше за постојаноста на ГМО во Македонија и влијанијата врз биодиверзитетот и животната средина.

“Новинарската заедница - гласот на промените во Слоу Фуд”
Последната работилница од серијата едукативни работилници со таргет групи на Слоу Фуд Водно во рамки на проектот “Храна за промени - како одговор на климатските промени” беше спроведена на ден 29.10.20 година. Имено, работилницата насловена “Новинарската заедница - гласот на промените во Слоу Фуд” беше спроведена онлајн со помош на алатката “Zoom” преку официјалниот канал на Еко-Свест.





БИОДИВЕРЗИТЕТ И МАЛИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Без биодиверзитетот како основа е невозможно да се зборува за одржливо земјоделство и не е можно да се гарантира пристап до храна. Работата на Слоу Фуд Македонија денес е фокусирана на зачувувањето на биодиверзитетот, тема со која е поврзан, од своето основање, со цел да се овозможи универзалното право на задоволство, за што од суштинско значење е да знаеме да ја цениме и оценуваме храната.

Зачувување на **биодиверзитетот** во земјоделството, ги поддржува и промовира малите производители на одржлива храна и локални и автентични производи. Како противтежа на масовното производство и глобалната трговија со индустриски произведена храна.

Преку **Слоу Фуд Фондацијата за Биодиверзитет** ги координира проектите за зачувување на локалните традиции за храна, заштита на заедниците за храна, зачувување на биодиверзитетот на храна и промоција на традиционалните производи.

Каталогизирање на македонскиот биодиверзитет во земјоделството и гастрономските традиции. Досега во каталогот Арка на вкусови се поставени 36 производи, а се мапирани 70 раси, сорти иработени производи. Преку проектот Слоу Фуд президиуми, досега се воспоставени 5 проекти, и тоа: Слатко од диви зелени смокви во југо-источна Македонија, Сирења од Маврово-рекаскиот регион, Буковска пипер, Македонска медоносна пчела, Грозје Станушина.



Дата база на производители

Во изминатиот преиод Слоу Фуд мапираше голем број на производители, кои произведуваат во мал обем,, најчесто за своја употреба или реализација на вишоците преку директна продажба. Во најголем дел од нивните производи потекнуваат од локалниот агробиодиверзитет и/или користат одередена традиционална техника на производство, што претставуваат автентични производи и имаат додадена вредност и потенцијал кој понатаму треба да се валоризира, преку промоција и креирање на пазар за истите или како гастрономски туристички производ.

За таа цел Слоу Фуд Македонија воспостави и пласира **дата база за мали прооизводители** на храна со цел да ги идентификува, а потоа и да ги информира за релевантните регулативи и условите за регистрација на нивните производства како и да ја олесни директна врска со потрошувачите.



ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

Дефинирање на правилата за директно снабдување и за традиционално производство

Поддршка и развој на малите производители на храна од животинско и растително потекло без да се доведува во прашање безбедноста на храната, водејќи сметка за зачувување на нејзините традиционални карактеристики, преку флексибилна примена на законските и подзаконските акти кои се однесуваат на безбедноста на храната. Ова се основите на новите правилници за барањата и условите и хигиена за производство и ставање во промет на храна од животинско и растително потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност и за примена на традиционалните методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики, чиј предлог текст денеска, стручни лица

Целта на новиот правилник за производи од растително потекло (донесене во јуни 2020 година) е малите производители, легално да ги продаваат своите производи за кои ќе ги гарантираат барањата за безбедност на храната, но и ќе се заштити традиционалното производство на храна од животинско производство преку флексибилна примена на основите за производство, преработка и продажба на храна од индивидуалните земјоделски производители. Овој подзаконски акт претставува солидна основа за заштита на уникатноста, географското потекло и идното брендирање на производите кои имаат традиционални карактеристики.



ЕДУКАЦИЈА ЗА ВКУСОВИ

Нашите проекти за едукација се разликуваат од повеќето едукации за храна и се базирани на идеата дека храната значи задоволство, култура и соживот. Нашите едукативни иницијативи се организирани за различни возрасти на деца и возрасни, настаниви, Слоу Фуд членови и јавноста, и формира важен дел од Слоу Фуд кампањите и настаните. Тие завземаат различни полиња: училишни градини, водичи за вкус, посета на фарми, генерациска размена помеѓу членовите, работилници и оброци со производителите.



Училишни градини

Slow Food®
Macedonia

Учениците од 10 основни училишта од Пелагонискиот регион се вклучија во новата програма на Слоу Фуд Македонија, која ја развива заедно со конвивиумот „Слоу Фуд Водно“, Скопје, кои имаат за цел подигање на училични градини во училишните дворови.
„Во „Слоу фуд“ тематски е разработено како треба да функционираат училишните градини, кои се постапките на работа што децата на различна возраст треба да ги научат. Нивното подигнување е значајно за да едуцираат и јаподигнат еколошката свест. Истотака социјализацијата е важент момент кај училишните градини. Учениците се едуцираа за земјоделското производство, како се сади семето, а кога расадот ќе биде готов ќе ја направат нивната градина, која потоа треба да ја залеваат. Додека за време на летниот период, може да се вклучат и родителите и комшиите, со што се истакнува аспектот на социјализација и се јакне волонтерскиот дух.
Еден од најголемите проекти е заштита на локалното производство и заштита на автохтоните растенија и животни, заштита на традицијата во исхраната, во начинот на одгледување на културите.

Правењето на градина е благороден момент кој кај децата може да поттикне мисла за здрава храна. Целата наука односно сите предмети се збрани на едно место, бидејќи се брои, потоа тука е македонски, природни науки.
Градината бара грижа и одговорност, а тоа се особини кои кај децата се развиваат само преку работа.

Реализиран проектот- Зелен полигон, алатка за подигнување на еколошката светс

Реализација на проектот во период од април до декември 2020год.
Проектот се реализираше во соработка со Слоу Фуд Битола и Слоу Фуд Прилеп
Во оваа фаза на нашиот проект Училишни градини беа вклучени десет училишта од пелагонискиот регион. На тој начин се проширува идеата за училишни градини и се зајакнува кампањата.
Начинот на кој се спроведуваше проектот отстапуваше од првичнната идеа , но поради пандемијата многу активности се заменија со нови кои беа во согласност со протоколите

Одржани повеќе вебинари и работилници









Со финансиска поддрша на ХОРУС

Воспоставени градини во ООУ Христијан Тодоровски Карпош- Скопје и ООУ Владо Тасевски – Скопје





АЛИЈАНСА НА ГОТВАЧИТЕ И СЛОУ ФУД

На ден 10.10.2020 година беше воспоставена Алијанса на готвачи на Слоу Фуд Македонија, кои во иднина ќе дејствуваат како кулинарни амбасадори и директно ќе ја пренесуваат пораката за консумација на локална, сезонска и традиционална храна. Алијансата на готвачи засега брои 10 членови. Исто така, на работилницата беше презентирана работна верзија на Водич за Алијансата на готвачи, при што активно се дискутираше и надополнуваше истиот, со цел негово финализирање и објавување.

ХРАНА И АКТИВИЗАМ



Светскиот ден на диско супа 2020

На ден 25.04.2020 година беше спроведена онлајн работилница под наслов “Светски ден на Диско Супата 2020”. Работилницата беше координирана од страна на “Слоу Фуд Водно” во партнерство со “Слоу Фуд Млади Македонија” и “Слоу Фуд Македонија”, а поддржана преку програмата за регрантирање на Еко-свест, ДЕМ и ЦНВП, во рамки на проектот “Да зборуваме за климатските промени“, финансиран од Европската комисија.

Работилницата под наслов “Светски ден на Диско Супата 2020” беше спроведена од страна на координаторот на проектот “Храна за промени - како одговор на климатските промени”, Биљана Митреска и проектниот асистент, Катерина Јордановска.

Работилницата се одвиваше по пат на користење на социјалните мрежи на Слоу Фуд Водно, Слоу Фуд Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија, со директен пренос на соодветните медиуми при што гледачите имаа прилика во живо да ги следат нашите учесници.

Во рамките на работилницата земаа учество тројца учесници - соработници и членови во Слоу Фуд Водно, односно шеф Дејан Карапеев, шеф Симона Илковска и шеф Даниела Лазаревска.

Трпеза Филм Фестивал

Локација, Кинотека на Македонија



16.октомври 2020

Преку неколку кратки, но и четири долгометражни документарни филмови, филмскиот фестивал за храна ја испраќа пораката за важноста на локалните производители на храна, за зачувување на биодиверзитетот и за заштита на животната средина. Репертоарот на филмскиот фестивал ги вклучува „На трпеза кај…Македонија“ од Мирјана Момировиќ, „Езеро од јаболка“ на Тамара Котевска и Љубомир Стефанов, „Приказната за Слоу Фуд“ на Стефано Сардо и „Момчињата од Бароло“ на Паоло Казалис и Тициано Гаја, како и неколку видео записи на ФАО во чиј фокус се важноста на зголемување на отпорноста и одржливоста на системите за храна и обезбедувањето на прифатлива и здрава исхрана за сите.



МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ



„Тера Мадре Салоне дел Густо “ во Торино

Најголемиот глобален настан во организација на Слоу Фуд „Тера Мадре салоне дел Густо“ во 2020 година се реализира како дигитално издание во периодот октомври 2020 – април 2021.
Слоу Фуд Македонија се приклучи со свои активности во насока на релизирањето на глобалните цели на Тера Мадре, поврзување и вмрежување на повеќе чинител во поддршка на малите производители и сите вклучени во системот на храна, со цел изградба на правичен систем на храна.
Беа организирани два вебинари на две мошне актуелни теми кај малите производители.
„Од безбедност на храна до поттикнување на зелена економија: Предизвикот на денешните мали производители“, која се одржи на 10 декември 2020 каде се дебатираше и се споделија знаеење и информации за нашите мали производители на традиционални сирења.
„ Дали иднината ќе биде медена? “, која ќе се одржи на 17 декември 2020 година се дискутираше за ситуацијата со пчеларството во нашата земја, како и искористеноста на можностите за регистрација на малите производители на мед и останати производи од пчели.



6. Комуникација

Комуникациите за Слоу Фуд се од суштинско значење и широко прифатена алатка за размена и споделување на богатите идеи на членовите и често употребувана за нашите пораци да стигнат до секого. Комуникациите се од витално значење од повеќе аспекти: запознавање со структурата или локалните конвивиуми, како и помеѓу нив во вертикално ниво, се со цел да ги направи поефикасни и ефективни нашите внатрешни и надворешни комуникациски процеси. Унапредувањето на вертикалната и хоризонталната комуникација претпоставува активен дијалог со локалните конвивиуми и групи, кои треба се придржуваат до утврдените насоки и се задолжителни за да обезбедат суштинска и стилска конзистентност, толкувања и обезбедуваат ефикасност и препознатливост на Слоу Фуд.
Комуникациските алатки служат за обезбедување на едукација, работење и консултации. На тој начин се овозможува да се развиваат способностите и капацитетите на локалните групи, чија работа е потребно е да се врши под менторство, со потребната експертиза и динамичност и техничка поддршка со ресурси со помош на специјализирана платформа.

Паралелно работевме на зајакнување на секција за комуникации со обучен персонал и соработници, со задача за реализација на активностите за информирање на јавноста. За таа цел, покрај постојаниот ангажман на лица во канцеларијата, се градеа и капацитетите на групата на соработници на Слоу Фуд, како и со новинари и медиуми кои постојано ја следат нашата работа.

Преку наградбата на капацитетите на постојните канали за информирање се воспоставуваа и нови, следејќи ги трендовите и технолошките унпредувања во оваа сфера, на тој начин да се подобриме текот на информациите кои потекнуваат од локално ниво, со ширење на информациите и знаењето од конвивиумите, да ги промовираме локалните култури, територииите и производителите, нивните приказни и пораки да ги пренесеме до пошироката јавност.

Портали на Слоу Фуд Македонија:

- www.slowfood.mk
- www.slowfood.mk/edukacija

Профили на социјални мрежи:

- www.facebook.com/slowfood.mk
- www.facebook.com/slowfoodyouth.mk
- https://twitter.com/SlowFoodMacedon
- https://www.instagram.com/slowfood.mk/
- www.linkedin.com/in/slowfoodmacedonia

Преглед на медиумските објави за работата на Слоу Фуд Македонија во 2020 година:
Во пишаните медиуми и порталите: https://slowfood.mk/category/presspregled/



ПОЛЖАВЧЕ – Ново списание за деца

Кон крајот на 2020 година Слоу Фуд Македонија го создаде своето најмало чедо – списанието за училишните активности, насловено „Полжавче“.

Тоа им се обраќа на наставниците, на координаторите на училишните градини, на сите оние што веруваат во мисијата и во важноста на училишните активности на „Слоу Фуд Македонија“, на родителите и на сите оние на кои им е важна среќата на децата, па оттука на еден или на друг начин, директно или индиректно „Полжавче“ постои за иднината на овојсвет – за децата – пишува во поздравното обраќање уредникот Филип Димкоски.



6. Финансиски извештај

Иако основана во текот на 2020 година, Националната организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола, запона да реализира сопствен буџет за своите активности, покрај буџетите на локалните организации, чии што капацитети и средсва во голем дел се насочени за реализација на заеднички активности и настани.

ЕМБС: 07280882
Целосно име: Национална организација СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	1.249.060,00			1.280.013,00
202	- - Потрошени материјали	184.695,00			140.930,00
204	- - Други услуги	333.985,00			241.870,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	46.750,00			
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	172.280,00			
209	- - Наемнини	161.857,00			
210	- - Други материјални расходи	349.493,00			897.213,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	31.619,00			250.834,00
212	- - Провизија за платен промет	8.410,00			11.619,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	15.549,00			227.915,00
219	- - Други расходи	7.660,00			
221	- - Пренесени средства				11.300,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	23.000,00			4.980,00
224	- - Средства за опрема	23.000,00			
225	- - Други капитални средства				4.980,00
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)				609.051,00
231	- - а) Вкалкулирани плати				609.051,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот				72.961,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	1.303.679,00			2.217.839,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	7.609,00			16.095,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	7.609,00			16.095,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	1.311.288,00			2.233.934,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)				251.100,00
242	- - Приходи од услуги				251.100,00
244	- - Приходи од членарини, подароци,	1.256.863,00			1.881.800,00

	донации и приходи од други извори			
245	- - Приходи од кирии и закупнини	6.000,00		
246	- - Сопствени приходи	45.773,00		
247	- - Други приходи			93.425,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	2.652,00		7.609,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	1.311.288,00		2.233.934,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	1.311.288,00		2.233.934,00
438	- - Број на работници			2,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	23.000,00	23.000,00		23.000,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	23.000,00	23.000,00		23.000,00
6	- - Опрема	23.000,00	23.000,00		23.000,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	7.609,00	98.095,00		98.095,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	7.609,00	16.095,00		16.095,00
12	- - Жиро сметка	7.609,00	16.095,00		16.095,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)		82.000,00		82.000,00
27	- - Други активни временски ограничувања		82.000,00		82.000,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	30.609,00	121.095,00		121.095,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	23.000,00			23.000,00
45	- - Деловен фонд	23.000,00			23.000,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061)				82.000,00
56	- - Други краткорочни обврски				82.000,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	7.609,00			16.095,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	7.609,00			16.095,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	30.609,00			121.095,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
680	- - Плати(< или = на АОП 231 од БПР)				412.664,00

681	- - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР)				170.575,00
682	- - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР)				25.812,00
688	- - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР)				8.400,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	1.256.863,00			1.873.400,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот				2,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	7.609,00			16.095,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	7.609,00			16.095,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	7.609,00			16.095,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2598	- 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место				2.233.934,00

Потпишано од:

Slobodanka Veljanovska
slobodanka.veljanovska@yahoo.com
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

потпиши Печати Откажи

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Северна Македонија



7. Контакт

Слоу Фуд Македонија

Главна канцеларија:
Ул.Климент Охридски 33/35
7000 Битола
Република Македонија

Контакт:
info@slowfood.mk
www.slowfood.mk

Законски застапник на организацијата:

Николче Николовски
Претседател на Национален одбор
070/922-429
nikolce.n@slowfood.mk